Овој проект е финансиран
од Европската Унија

# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ „Мрежа SafeJournalists“

Мрежата SafeJournalists, фокусирана на подобрување на безбедноста на новинарите и слободата на медиумите во Западен Балкан од 2015 година, објавува повик за доделување финансиска поддршка (мали грантови) на граѓански организации и медиумски организации во **Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, и Косово***[1].

Мрежата SafeJournalists ги обединува новинарските здруженија и синдикати во Западен Балкан:

- **Србија:** Независно здружение на новинарите на Србија (НУНС) - координатор на мрежата
- **Босна и Херцеговина:** Здружение на новинарите на БХ (БХН)
- **Хрватска:** Хрватско здружение на новинари (ХНД)
- **Косово*:** Здружение на новинарите на Косово (АЈК)
- **Северна Македонија:** Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ)
- **Црна Гора:** Синдикат на медиумите на Црна Гора (СМЦГ)
- **Албанија:** независен истражувач ги извршува активностите

Повикот е отворен во рамките на тековниот проект „Мрежа SafeJournalists” финансиран од страна на Европска Унија.

### 1. За проектот „Мрежа SafeJournalists“.

Проектот е финансиран од Европската комисија од 1 април 2023 до 31 јули 2026 година, под буџетската линија 15.020101.01 и ознаката EuropeAid/174154/DH/ACT/Multi[2].

**Општата цел** на проектот е да придонесе за создавање поволна средина во која слободата на изразување се остварува во целост, а насилството, заканите и притисоците врз новинарите се навремено и прецизно следени од органите на прогонот и правосудните органи, како и јавно осудени од владините претставници.

**Специфичната цел** на проектот во рамките на која се објавува овој повик е поттикнување на локалните новинари во регионот на Западен Балкан да ги бараат своите права како резултат на зголемениот ангажман на мрежата SafeJournalists со локални иницијативи.

[1] **Оваа ознака не е во спротивност со позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на UNSCR и мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.*

[2] *Наслов на проектот: „Поддршка на регионални тематски мрежи на граѓански организации; Проекти од мал обем за поддршка на добрососедските односи помеѓу Србија и Косово*; Регионални мрежи на граѓански организации кои ја промовираат слободата на медиумите и слободата на изразување; и иницијатива за квалитетно новинарство“*

Активностите предвидени за реализација на оваа **специфична цел** вклучуваат:

i) градење капацитети и финансиска поддршка обезбедена за локални граѓански организации и медиумски организации,
ii) изработка на локални извештаи кои ќе служат како појдовни вредности за понатамошно следење на состојбите подготвени од страна на локални граѓански организации и медиумски организации, со поддршка од SafeJournalists,
iii) информативни сесии за новинари,
iv) кампањи на социјалните медиуми со фокус на новинарите.

## 2. За Програмата за поддршка

Главната цел за финансиската поддршка за трети страни е да се зајакнат капацитетите на локалните граѓански организации и медиумски организации за да можат да станат **фокусни точки на мрежата SafeJournalists (СЈН)** за следење и известување за загрозување на безбедноста на новинарите на локално ниво.

Членовите на СЈН ќе обезбедуваат **континуирана поддршка** на апликантите-добитници за зајакнување на нивното знаење, вештини за следење и известување во однос на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите, но и за зајакнување на нивните капацитети за внатрешно управување. Овој **пристап кон обуките, менторството и партнерството** има неколку предности:

- Локалните теренски (grassroot) организации (граѓански и медиумски организации) ќе можат да детектираат и пријавуваат кршење на правата на новинарите и да станат локални фокусни точки за нивно пријавување на СЈН,
- Членовите на СЈН ќе добијат уште еден извор за верификација на податоците на локално ниво,
- Локалните новинари ќе бидат подобро информирани за нивните права, како да пријават прекршувања и каде да добијат помош за заштита на нивните права.

## 3. Цели на програмата

**Општата цел** на повикот е да се подобри пристапот до правата на новинарите (со фокус на локалните новинари и жените) преку зајакнување на вештините и знаењата на локалните теренски (grassroot) организации за откривање и пријавување прекршувања на правата на новинарите.

**Специфичната цел** на повикот е да ги информираат и едуцираат локалните новинари за своите права и механизмите за нивно остварување.

## 4. Структура на програмата

Програмата за подгрантови предвидува три компоненти:

**Компонента 1 – Фаза на апликација во два чекора**

По објавувањето на јавниот повик, граѓанските организации и медиумските организации ќе бидат избрани врз основа на доставени едноставни прашалници дизајнирани да ги проценат капацитетите на организациите-баратели за спроведување на проектните активности со очекуваните резултати. Петте национални комитети за евалуација ќе изберат најмалку 35 организации за следниот чекор од аплицирањето. Од избраните организации ќе биде побарано да

ги пополнат целосните формулари за апликација дизајнирани специјално за овој повик од страна на партнерите на СЈН.

**Компонента 2 – Доделување грантови**

Финансиската поддршка (компонентата за грантови) за граѓански и медиумски организации кои ја промовираат и се залагаат за безбедноста на новинарите и слободата на медиумите во Западен Балкан ќе биде доделена на 25 – 30 проекти од вкупно 35-те проекти избрани по Компонентата 1.

**Компонента 3 – Обука, менторство и мониторинг (за подгрантисти избрани за спроведување проекти)**

Предвидена е комбинација од менторски и мониторинг посети на сите грантисти, со дополнителни денови за онлајн менторство и мониторинг. Грантистите ќе имаат на располагање дополнителен експертски ден за дизајнирање и имплементација на кампањите на социјалните мрежи кои ќе треба да ги имаат како дел од нивните проекти.

Два вида на активности за градење капацитети ќе им бидат обезбедени на сите избрани подгрантисти:

1) **Зајакнување на капацитетите за внатрешно управување**

Врз основа на претходното искуство на организациите членки на СЈН, ова најверојатно ќе вклучува менторство „еден-на-еден“ на проект-менаџерите, со цел да се подигнат капацитетите на подгрантистите за спроведување на проектот во согласност со најдобрата практика, вклучително и развој на алатки за мониторинг, финансиско управување, известување, како и примена на правилата за видливост на активностите финансирани од ЕУ.

2) **Подигнување на капацитетите за мониторинг и известување за случаи на прекршување на правата на новинарите**

На почетокот на имплементацијата на малите грантови, организациите-членки на СЈН ќе одржат работилници со избраните апликанти, со цел споделување знаења за правната рамка за заштита на новинарите, механизмите за пријавување случаи на напади врз новинари, методите за мониторинг и следење случаи и проверка на податоците.

Дополнително, организациите-членки на СЈН ќе направат структура за локални извештаи кои ќе служат како појдовни вредности за понатамошно следење на состојбите, а подгрантистите ќе бидат запознаени со методологијата и чекорите за изработка на извештаите.

Организациите-членки на СЈН ќе им бидат на располагање на грантистите со учество на информативни сесии (кои ќе се бара од грантистите да ги спроведат) чија цел е локалните новинари да научат за своите права и механизмите за заштита, механизмите за пријавување случаи на напади врз новинари и како да препознаат различни притисоци, вклучително и стратешки тужби против јавно учество (SLAPPs).

## 5. Очекувани резултати

Главните очекувани резултати од компонентата за подгрантови се:

**РЕЗУЛТАТ 1:** Зголемени знаења и вештини на граѓанските и медиумските организации и иницијативи опфатени со компонентата за подгрантови за откривање и пријавување прекршувања на правата на новинарите.

**РЕЗУЛТАТ 2:** Локалните новинари се информирани за своите права и механизми за нивно остварување од страна на локалните организации и членовите на SafeJournalists.

**РЕЗУЛТАТ 3:** Локалните новинари пријавуваат прекршувања на нивните права користејќи локални фокусни точки во локалните граѓански организации и медиумски организации поддржани од Проектот.

**Резултатите од овој повик вклучуваат и зголемени капацитети и подобрено внатрешно управување на подгрантистите.**

Со водечкиот принцип да се фокусира на одреден број локални организации, програмата за подгрантови е дизајнирана да ги зајакне нивните капацитети за мониторинг, истражување и капацитетите на раководно ниво.

**6. Активности**

Сите активности што треба да се спроведат во рамките на оваа програма за подгрантови мора да се имплементираат во соодветните земји од ЗБ од коишто доаѓаат апликантите; тие можат да бидат фокусирани на една или повеќе локални области во земјата или на целата територија на земјата.

Активностите мора да се спроведат со цел да се исполнат целите и резултатите на програмата за подгрантови.

Следниве активности се **задолжителни**:

- Присуство на повеќе состаноци и обуки организирани од страна на СЈН и/или назначени обучувачи со цел подигнување на капацитетите за следење и известување за случаи на прекршување на правата на новинарите;
- Изработка на извештаи кои го докажуваат бројот на прекршувања на правата на новинарите и бројот на новинари кои ги пријавиле;
- Одржување информативни сесии за новинари и медиумски работници на локално ниво, преку кои ќе се информираат за нивните права и механизмите за нивно остварување;
- Креирање и спроведување кампањи на социјалните медиуми за застапување и подигање на свеста;
- Разни други активности насочени кон мотивирање на локалните новинари и медиумски работници редовно да известуваат за прекршување/злоупотреба на нивните права преку локалните фокусни точки – организации корисници на подгрантови (на пример: организирање работилници, билатерални состаноци со медиумски организации, јавни настани, кампањи за застапување и подигање на свеста);
- Учество во менторски и мониторинг посети и онлајн сесии од ваков вид, со цел подигање на капацитетите за внатрешно управување со проекти на подгрантистите.

Следниве активности се **прифатливи** (списокот не е ограничен само на наведеното):

- Производство и дистрибуција на медиумски содржини на теми поврзани со проектот и слободата на медиумите воопшто;
- Консултации, тркалезни маси и состаноци со локалните засегнати страни;
- Олеснување на дијалогот за различните аспекти на слободата на медиумите во земјата на под-грантистите и дијалог за јавните политики со засегнатите страни (на пр. локални функционери, експертската заедница, медиумите);

- Спроведување мини-истражување/а користејќи, на пример, анкети, веб-апликации, работни групи, фокус групи итн.

Други активности коишто придонесуваат за постигнување на очекуваните резултати и програмските цели, а коишто не се во спротивност со овој повик, се сметаат за **прифатливи активности.**

Следниве активности **не се дозволени** и **не може да бидат поддржани:**

- Активности за индивидуално учество на работилници, семинари, конференции, конгреси, вклучувајќи патување и сместување надвор од земјата на барателот/добитникот на подгрантот;
- Активности преземени пред потпишување на договорот;
- Активности преземени по периодот на реализација на договорот;
- Активности насочени кон остварување профит;
- Активности кои директно или индиректно се поврзани со политички партии или се наменети за поддршка на политички партии.

Периодот за реализација на одобрените проекти за финансирање треба да биде **не помалку од 9 месеци и не повеќе од 12 месеци.**

## 7. Услови што треба да ги исполнуваат апликантите

### 7.1. Општи услови што треба да ги исполнат апликантите - граѓански организации фокусирани на човековите права и медиумските слободи[3] и медиумските издавачи

Поддршката е наменета за граѓански организации и медиумски издавачи кои ги исполнуваат следниве технички критериуми:

- Мора да биде правно лице регистрирано во Централниот регистар во согласност со важечките закони;
- Мора да има соодветни менаџерски и професионални капацитети неопходни за успешно спроведување на предложените активности;
- Да има доставено годишни финансиски извештаи за 2022 и 2023 година до Централниот регистар;
- Банкарската сметка на организацијата не смее да биде блокирана, ниту да била блокирана поради неподмирени обврски во период подолг од 30 дена, во текот на 2023 и 2024 година;
- Мора да биде директно одговорна/ен за подготовка и спроведување на проектот.

**<u>Со овој повик не се предвидени партнерства.</u>**

### 7.2. Специфични услови што треба да ги исполни барателот

Конкурсот е отворен за граѓански организации или медиумски основачи/издавачи кои ги исполнуваат следните дополнителни услови:

- Организацијата или медиумскиот основач/издавач да не е корисник на средства од Европската комисија според Програмата[4] со референца EuropeAid/174154/DH/ACT/Multi и

[3] *Ова се одредува според проектната историја на барателот и активностите како што се дефинирани во официјалните документи за регистрација.*

[4] *Наслов на проектот: „Поддршка на регионални тематски мрежи на граѓански организации; Проекти од мал обем за поддршка на добрососедските односи меѓу Србија и Косово*; Регионални мрежи на граѓански организации кои ја промовираат слободата на медиумите и слободата на изразување; и иницијатива за квалитетно новинарство“*

буџетска линија 15.020101.01.

- Организацијата или медиумскиот основач/издавач може да поднесе само еден предлог-проект според оваа Програма што вклучува само еден од нејзините/неговите медиуми [во случај да има повеќе од еден медиум].

Во однос на медиумите и нивните основачи/издавачи, регистрирани како правни лица, предвидено е основач/издавач да биде официјалниот подносител на апликацијата, чии податоци се бараат во Апликацијата во фаза 1 и со кого е потпишан договорот за донација. Иако е формален примател на грантот, медиумскиот основач/издавач ќе го назначи својот медиум како субјектот одговорен за спроведување на проектот во соработка со Мрежата SafeJournalists.

## 8. Распределба на финансиските средства

Вкупните расположливи средства за финансиска поддршка изнесуваат 230.000 евра, кои ќе бидат распределени на најмалку 25, а најмногу 30 избрани граѓански организации и медиумски основачи/издавачи и нивните медиуми од Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Косово*.

### 8.1. Износ на индивидуална финансиска поддршка

- Минималниот износ на финансиска поддршка доделена во рамките на програмата е 8.000,00 евра;
- Максималниот износ на финансиска поддршка доделена во рамките на програмата е 10.000,00 евра.

Средствата за одобрени програми за поддршка ќе бидат исплатени на примателот на финансиската поддршка на следниов начин:

- 80% од одобрениот износ при потпишување на договорот;
- 20% од одобрениот износ по прием и одобрување на наративниот и финансискиот извештај.

### 8.2 Прифатливи трошоци

Дозволени трошоци се сите директни трошоци поврзани со спроведувањето на проектните активности кои се наведени во предложениот буџет на проектот и одобрени во процесот на селекција. Тие вклучуваат, меѓу другото:

- ✓ Трошоци за вработени/ангажирани поединци кои спроведуваат проектни активности, што одговараат на реалните бруто плати, вклучувајќи придонеси за социјално осигурување и други трошоци поврзани со компензација (со исклучок на бонусите засновани на успешност);
- ✓ Надоместоци за надворешни соработници потребни за проектот;
- ✓ Програмски трошоци - трошоци за услуги и договори на дело потребни за проектот (производство, дизајн, печатење материјали, превод, организација на настани, состаноци, јавни акции итн.);
- ✓ Трошоци за видливост;

- ✓ Трошоци за потрошен материјал/канцелариски материјали;
- ✓ Патни трошоци и дневници за вработените и другите поединци кои учествуваат во проектот, под услов да не ги надминуваат границите во внатрешните правила и процедури на корисникот;
- ✓ Индиректни трошоци поврзани со сите придружни трошоци за реализација на планираните проектни активности, како што се трошоци за одржување на канцеларијата, наемнина, интернет, телефон, банкарски трошоци, до максимум 7% од директните трошоци.

**Забелешка: Трошоците за ДДВ не се прифатливи.**

Сите трошоци мора да бидат прикажани без данок на додадена вредност (ДДВ) каде што е пресметан во согласност со Законот за ДДВ. Според оваа програма, дозволено е ослободување од ДДВ.

Платениот ДДВ може да се признае како прифатлив трошок само ако не може да се направи поврат или ослободување. Во такви случаи, тоа мора да биде документирано во писмена форма од надлежниот даночен орган на земјата на корисникот. Во сите други случаи, ДДВ нема да се смета за прифатлив трошок.

Сите трошоци кои не подлежат на ДДВ, туку на други видови даноци и придонеси, мора да бидат прикажани во бруто износи (на пример, плати, хонорари, услуги и други трошоци). Трошоците кои подлежат на ДДВ мора да бидат прикажани во нето износи.

## 8.3. Неприфатливи трошоци

Следниве трошоци нема да бидат дозволени според оваа програма:

- × Долгови и давачки за сервисирање на долг (камата);
- × Провизии за загуби, долгови или потенцијални идни обврски;
- × Царински давачки и увозни даноци или какви било други давачки;
- × Парични казни/глоби и парнични трошоци;
- × Секакви трошоци за лизинг и амортизација;
- × Трошоци пријавени од страна на корисникот кои се финансирани од други фондови на Европската Унија (вклучително и преку Европскиот фонд за развој);
- × Набавка на земјиште или згради, набавка на возила или недвижен имот, финансирање градежни работи на недвижен имот во сопственост на носителот на проектот или под закуп од носителот на проектот;
- × Загуби поради флуктуации на девизниот курс;
- × Заеми на трети лица освен ако е поинаку наведено во посебни услови;
- × Придонеси во натура;
- × Плати на вработени во државна администрација и јавни службеници, освен ако е поинаку наведено во посебни услови и само до степен до кој тие се однесуваат на трошоците за активностите што надлежните јавни органи не би ги извршиле доколку активноста не била преземена;
- × Бонуси засновани на успешност вклучени во трошоците за персонал;
- × Финансиска поддршка обезбедена од програмските партнери на други граѓански организации во форма на грантови, кои не се наведени во апликацијата.

**9. Процесот на аплицирање се состои од две фази:**

**Фаза 1: Поднесување пополнет прашалник за организации и медиумски основачи/издавачи.**

Ќе се направи избор од сите поднесени апликации, при што ќе се изберат најмалку 35 највисоко рангирани кандидати, врз основа на одредени критериуми, а истовремено ќе се обезбеди територијална распределеност. Критериумите и повеќе информации за процесот на селекција може да се најдат во Точка 11 од овој повик.

**Фаза 2: Поднесување на предлог-проектот.**

Избраните организации ќе поднесат предлог-проект со пополнување на формуларот за наративен предлог-проект и формуларот за проектниот буџет, кои ќе им бидат подоцна доставени на оние што ќе бидат избрани по првата фаза од процесот.

**9.1. Задолжителна документација за апликација за фаза 1**

Барателот за програма/проект треба да ја достави следнава документација:

- Пополнет формулар (Word документ);
- Изјава/декларација на носителот на проектот – потпишана и скенирана;
- Скенирана копија од документот за регистрација на барателот во Централниот регистар;
- Скенирана копија од документот за регистрација на медиумот во Централниот регистар;
- Финансиски извештаи за 2023 и 2022 година.

**Забелешка:** Организаторот за поддршка на програмата може да побара дополнителна документација најдоцна во рок од осум (8) дена од приемот на информациите потребни за Фаза 1.

**10. Начин на аплицирање и рокови**

**10.1. Начин на аплицирање и краен рок за фаза 1:**

Формуларот за доставување информации за Фазата 1 може да се преземе **овде.**

Задолжителната документација за аплицирање (види точка 9.1 од Повикот) мора да се достави во електронска форма (Word и PDF формат) на адресата за е-пошта **info@safejournalists.net** со наслов: „Име на организацијата/медиумот_ Програма за поддршка „Мрежа SafeJournalists “.

Крајниот рок за поднесување на формуларот за апликација на локалниот јазик и документацијата за Фаза 1 е **20 декември 2024 година** до **23:59 часот по средноевропско време.**

Документација во печатена форма нема да се разгледува.

Евалуацијата и ранг-листата на апликациите од Фазата 1, утврдени од комисијата за избор, ќе бидат објавени на веб-страницата на проектот **safejournalists.net** и на веб-страниците на организациите-членки на мрежата SafeJournalists, до **31 декември 2024 година** и ќе се испратат до сите учесници на натпреварот по електронски пат.

Средствата се доделуваат за проекти со краен рок за реализација до **28 февруари 2026 година.**

Најраниот датум за почеток на имплементацијата на проектот е **1 март 2025 година.**

Времетраењето на проектните активности е помеѓу **9 и 12 месеци.**

Може да испратите прашања поврзани со повикот до **tamara.filipovic@nuns.rs** (за прашања поврзани со програмата) и **marko.lazic@nuns.rs** (за финансиски прашања) најдоцна до **10 декември 2024 година.**

## 11. Критериуми за избор на предлози за проекти финансирани во рамките на Програмата

### 11.1. Административни критериуми

Евалуацијата и рангирањето на апликациите примени во Фазата 1 ќе се спроведе во согласност со следните административни критериуми:

- Пријавата и придружната документација да бидат поднесени навреме, согласно рокот наведен во повикот;
- Подносителот на апликацијата за проектот да ги исполнува општите и посебните услови на повикот;
- Документацијата да биде доставена во бараниот формат и според упатствата во повикот.

### 11.2. Квалитативни критериуми за евалуација во Фазата 1:

| | **Критериуми** | **Дефиниција** | **Максимален број на поени** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Потенцијал на проектниот тим | Овој критериум го проценува потенцијалот на проектот, со евалуација на квалитетот и структурата на проектниот тим во медиумската /граѓанската организација. | **20** |
| **2.** | Претходно искуство | Овој критериум ја оценува стручноста на барателот поврзана со неговата претходна работа во областа на слободата на медиумите, безбедноста на новинарите, но и управувањето со проекти. | **25** |
| **3.** | Оперативен капацитет за самостојно преземање на зададените активности – ниво на организациски и менаџерски капацитети | Овој критериум ја вклучува способноста на организацијата ефикасно да планира, спроведува и управува со проекти, како и нејзиниот капацитет да се прилагоди на промените и предизвиците во средината во која работи. | **25** |
| **4.** | Степен на посветеност на етичките стандарди | Овој критериум претставува проценка за тоа како граѓанските организации и медиумите ги насочуваат своите постапки и процеси на одлучување во согласност со признатите етички принципи и норми, доследно применувајќи ги етичките начела во сите аспекти на нивната работа, вклучувајќи ја и транспарентноста, отчетноста и почитувањето на човековите права. | **10** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5.** | Финансиски капацитет | Се оценува способноста на организацијата или медиумот да планира и управува со буџетот, вклучително и ефикасно користење на ресурсите за спроведување активности и проекти. Ова го вклучува и капацитетот за обезбедување стабилни извори на финансирање, како што се донации, грантови или приходи од медиумското работење. | **20** |
| **6.** | **Вкупен бр. поени (од 100)** | | **Максимален број на поени: 100** |

**12. Видливост и авторско право**

Мрежата SafeJournalists го задржува правото да ги објавува производите кои произлегуваат од оваа програма и тоа да го прави во делови, во целост или како референца на својата веб-страница или во своите публикации, притоа почитувајќи ги правилата за авторски права. Договорите со примателите на грантовите ќе вклучуваат специфични услови во однос на авторските права и видливоста на донаторот.

Од успешните апликанти на кои ќе им биде доделена финансиска поддршка ќе се бара да се придржуваат до правилата за видливост дефинирани од Европската комисија.

**Забелешка 1:** Евалуацијата на предлог-проектите ќе ја врши комисија за селекција составена од независни експерти од областите на медиумите и граѓанското општество и претставници на организации-членки на мрежата SafeJournalists.

**Забелешка 2:** Организаторот на повикот го задржува правото да распише втор круг за доставување предлог-проекти доколку комисијата за избор утврди дека нема доволно апликации кои ги исполнуваат горенаведените квалитативни критериуми. Организаторот на повикот го задржува дискреционото право да не ги распределува сите расположливи средства во случај на недоволен број квалитетни апликации или територијално да распредели лимити за финансиска поддршка.

**ИНДИКАТИВНА ВРЕМЕНСКА РАМКА**

| | **ДАТУМ** | **ВРЕМЕ** |
|---|---|---|
| Јавна објава на Повикот за предлози | **2 декември 2024 година** | 23.59 ч. по средноевропско време |
| Краен рок за барање какви било појаснувања од организацијата-членка на СЈН во секоја земја | **10 декември 2024 година** | 23.59 ч. по средноевропско време |
| Краен рок за давање појаснувања | **15 декември 2024 година** | 23.59 ч. по средноевропско време |
| Фаза 1: Краен рок за поднесување на формуларот | **20 декември 2024 година** | 23.59 ч. по средноевропско време |

| | | |
|---|---|---|
| за апликација и придружните документи | | |
| Кандидатите да бидат достапни (по е-пошта и телефон) за појаснувања и потенцијално доставување дополнителни документи во текот на постапка за евалуација | **20-25 декември 2024 година** | 23.59 ч. по средноевропско време |
| Информации за апликантите од евалуацијата на формуларите за апликација во фазата 1 | **31 декември 2024 година** | 23.59 ч. по средноевропско време |
| Фаза 2: Краен рок за поднесување на формуларот за апликација и придружните документи | **01 февруари 2025 година** | 23.59 ч. по средноевропско време |
| Кандидатите да бидат достапни (по е-пошта и телефон) за појаснувања и потенцијално доставување дополнителни документи во текот на постапка за евалуација | **5-15 февруари 2025 година** | 23.59 ч. по средноевропско време |
| Информации за апликантите од евалуацијата на апликациите во фазата 2 | **25 февруари 2025 година** | 23.59 ч. по средноевропско време |
| Потпишување договор | **1 март 2025 година** | 23.59 ч. по средноевропско време |

**Ве молиме имајте предвид дека ова е само индикативен план, точните датуми во моментов не се достапни.*